ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јули 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2026 на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје**

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на дејноста производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година, во износ од 60.840.784 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 9.211.710 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 8.031.652 kWh, на ниво на мерно место.
2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" 65/19 и 219/19 и „Службен весника на Република Северна Македонија" бр.19/22, 197/22 и 226/23), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред. бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.394,3648 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,4432 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 3.067,6026 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 7,5751 |

3. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства : останати" е утврден да изнесува 1 : 2,20.
4. Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2026/2027година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2026 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје (во понатамошниот текст ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје), согласно Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник) на 27 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година бр. 0202-102/1 од 27 мај 2026 година, заведено под архивски број УП1 бр.08-235/26 од 27 мај 2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги на 8 јуни 2026 година го објави известувањето во врска со Барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-xxx/1 од 16 јули 2026 година свика подготвителна седница на 21 јули 2026 година на која предмет на разгледување беше оваа Предлог Одлука за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2026 година на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје.

По доставување на Предлог-Одлуката друштвото достави забелешки во писмена форма.

На 21 јули 2026 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Северна Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

### Податоци од барањето

Според податоците содржани во барањето ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје бара регулираниот максимален приход за 2026 година да изнесува 102.014.758 денари за произведена количина на топлинска енергија од 10.547.681 kWh на ниво на производител.

Во следната табела даден е преглед на трошоците (оперативни трошоци, амортизација и трошоци за гориво) и регулираниот максимален приход за 2026 година, кои ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје ги презентира во барањето:

| | **Оперативни трошоци** | **2026 година** |
|---|---|---|
| 1 | **Вкупно трошоци** | **44.537.339** |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 6.469.084 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 1.409.903 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 265.952 |
| 1.4 | Бруто плати | 11.757.648 |
| 1.5 | Менаџерски плати и менаџерски награди | 4.992.804 |
| 1.6 | Други услуги | 3.875.542 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 2.378.518 |
| 1.8 | Пренесени трошоци | 4.072.043 |
| 1.9 | **Амортизација** | **9.315.845** |
| **2** | **Трошоци за гориво** | **38.873.523** |
| **3** | **МАРЖА** | **777.470** |
| **4** | **Обртен капитал гориво** | **388.735** |
| **5** | **Принос на капитал – (RA)** | **5.569.710** |
| 5.1 | Просечен RAB | 106.048.987 |
| 5.2 | WACC % | 5,24% |
| **6** | **Регулиран максимален приход – MAR** | **102.014.758** |

**Анализа на Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2026 година за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија. За таа цел Регулаторната комисија за енергетика изврши анализа на доставените податоци и информации на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, како и на целокупната документација со која располага Регулаторната комисија за енергетика во врска со дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година, врз основа на што ја изготви оваа одлука.

При анализата на доставените податоци за 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно износот од барањето и истите изнесуваат 6.469.084 денари;
2. Трошоците за тековно одржување се пресметани врз основа на остварените во 2025 година зголемени за предвидената стапка на инфлација од 4% и истите изнесуваат 1.421.878 денари;
3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 265.952 денари;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно остварените трошоци во 2025 година, зголемени за стапката на инфлација од 4% и истите изнесуваат 10.862.419 денари;
5. Трошоците за менаџерски плати се задржани на ниво на остварените во 2025 година и истите изнесуваат 1.168.088 денари;
6. Трошоците за други услуги се пресметани согласно остварените во 2025 година, зголемени за стапката на инфлација од 4% и истите изнесуваат 4.794.045 денари;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се пресметани согласно остварените во 2025 година, зголемени за стапката на инфлација од 4% и истите изнесуваат 1.315.983 денари;
8. Пренесените трошоци изнесуваат 444.631 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2026 година е утврден во износ од 1.137.016 денари согласно процентот на искористеност на системот и одобрените основни средства за вршење на дејноста.

Предвидената инфлација за 2026 година е согласно податоци објавени од Народна Банка на Република

Северна Македонија во моментот на донесување на оваа одлука.

Оперативните трошоци за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје за 2025 година изнесуваат 26.297.449 денари, а вкупните трошоци со амортизација и пренесени трошоци изнесуваат 27.879.096 денари.

Приносот на капитал е утврден да изнесува 664.702 денари, при просечна вредност на средствата од 10.176.418 денари и WACC од 6,53%.

Трошоците за набавка на гориво за производство на топлинска енергија за 2026 година се предвидени да изнесуваат 32.296.986 денари, за вкупна произведена количина на топлинска енергија од 9.211.710 kWh и 10.300.491 kWh потрошен природен гас.

За периодот јануари – април се одобрени 5.542.265 kWh природен гас земајќи ги во предвид одобрените топлински загуби во дистрибутивната мрежа на ниво од 12% и коефициентот на ефикасност на топланата согласно на реализацијата. Одобреената цена на природен гас за овој период е согласно реализација.

Прогнозираната количина на природен гас која ќе се потроши за период октомври-декември е пресметана да изнесува 4.758.226 kWh. Прогнозираната цена за набавка на природниот гас е за овој период е предвидена да изнесува 3,2000 ден/kWh со вклучени трошоци за пренос, балансирање и маржа, со што прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас за периодот октомври-декември изнесува 15.226.324 денари.

**Фактор на корекција**

Факторот на корекција за 2025 година за друштвото ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје изнесува -1.728.991 денари. Регулаторната комисија за енергетика не го зема во предвид при утврдување на регулираниот максималниот приход за 2026 година и истиот ќе биде применет при утврдување на регулираниот максимален приход за иден период.

Оперативните трошоци за 2025 година за цели на факторот на корекција се утврдени на следниот начин:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се признаени согласно остварените во годината,
- Трошоците за тековно одржување се признаени согласно остварените во годината,
- Трошоците за осигурување се признаени согласно утврдените со одлука за 2025 година,
- Трошоците за бруто плати се утврдени имајќи ја во предвид остварената бруто плата во 2025 година,
- Трошокот за менаџерските плати и награди се признаени согласно остварените во годината,
- Другите услуги се признаени согласно остварените во годината,
- Останатите и вонредните трошоци  се признаени согласно остварените во годината.

Трошокот за амортизацијата на основните средства е утврден согласно процентот на искористеност на системот и одобрените основни средства за вршење на дејноста.

Приносот на основните средства е задржан на ниво утврдено со одлуката од 2025 година.

Пренесените трошоци се признати соодветно на реализираните во 2025 година.

Остварениот приход за 2025 година ($R_{2025}$) согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието изнесува 57.685.167 денари.

Трошокот за природен гас за 2025 година е одобрен земајќи ги во предвид одобрените топлински загуби во дистрибутивната мрежа на ниво од 12% и коефициентот на ефикасност на топланата согласно на реализацијата. Одобреената цена на природен гас за овој период е согласно реализација.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност за 2025 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$) изнесува 59.413.737 денари и е прикажан во следната табела:

| **Р.бр.** | **О П И С** | **2025** | |
|---|---|---|---|
| | | **РКЕ Одлука** | **MARKt-1** |
| **1** | **Оперативни трошоци** | **24.113.541** | **25.862.192** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Трошоци за материјали (со вода), енергија, резервни делови и ситен инвентар | 9.245.020 | 7.544.647 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 1.507.368 | 1.367.190 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 180.084 | 180.084 |
| 1.4 | Бруто плати | 9.819.974 | 9.727.156 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.417.182 | 1.168.088 |
| 1.6 | Други услуги | 1.197.457 | 4.609.659 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 746.455 | 1.265.368 |
| **2** | **Пренесени трошоци** | **378.458** | **591.884** |
| **3** | **Амортизација** | **1.252.497** | **1.258.043** |
| **4** | **Вкупно трошоци (1+2)** | **25.744.497** | **27.712.119** |
| **5** | **МАРЖА** | 0 | 0 |
| **6** | **Принос** | **1.501.316** | **1.501.316** |
| **7** | **Средства за ликвидност** | 0 | 0 |
| **8** | **Трошок за гориво** | 32.513.001 | 30.290.933 |
| **9** | **Фактор на корекција** | 90.631 | 90.631 |
| **10** | **Вкупен регулиран максимален приход** | **59.668.183** | **59.413.737** |

Имајќи го во предвид напред наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе Управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-235/26**
**xx јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**

**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**